Друштво за трговија, производство услуги, шпедиција, увоз-извоз
ПЕКАБЕСКО АД Кадино,Илинден

| Примено: 05-05-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0202 | 10/153 | | |

ДО
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА ПЕКАБЕСКО АД КАДИНО**
**Кадино,Илинден**

# П Р Е Д Л О Г

**-за дополнување на дневен ред со вклучување на нова точка со предлог одлука -**

**ПОДНОСИТЕЛ:**Акционер кои поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас во ПЕКАБЕСКО АД.

Почитувани,

Во дневниот весник Нова Македонија на ден 28.04.2025година е објавен Повик за учество на Собрание на Друштвото ПЕКАБЕСКО АД Кадино , кое треба да се одржи на 28.05.2025година, со предлог дневен ред за Собранието.

На интернет страната на Друштвото , како и на системот за информирање СЕИ НЕТ , истиот ден 28.04.2025 година е објавен Повикот за учество на Собранието, предлог одлуките по однос на предложените точки како и прилозите кон истите.

Во предвидениот законски рок го користам моето законско право на предлагање на дополнување на дневен ред со вклучување на нова точка со предлог одлука.

Во предложениот Деневен ред на престојното годишно собрание на ПЕКАБЕСКО АД, објавен во средствата за инфорнирање на ден 28.04.2025 година,ПРЕДЛАГАМ да се вклучи нова точка и тоа:

## Точка 15.Усвојување на Предлог-Одлука за определување на учество на Втор и Трет Извршен директор во добивката на ПЕКАБЕСКО АД .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ

Согласно член 365 став 3 од Законот за трговски друштва на Р.С.Македонија е утврдено дека Собранието на акционери може на Извршните членови на Одборот на директори да им одобри учество во добивката на Друштвото кое по правило се состои од исплата во пари, акции, тантиема,бонус или друг начин.

Согласно член 55 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, за работата на Извршен член на Одбор на директори, Собранието може со одлука да му одобри учество во добивка.

Имајки ги во предвид погоре цитираната одредба од Законот за трговски друштва, како и одредбата од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД, како и искуството од претходните годишни собранија, сметам дека Собранието има полно законско право да расправа и одлучува за учество во добивката на Извршните членови на Одборот на директори, во конкретната ситуација за Вториот и Третиот извршен директор.

По однос на предложената точка за дополнување на Деневен ред на престојното годишно собрание на ПЕКАБЕСКО АД, објавен во средствата за инфорнирање на ден 28.04.2025година, кој предлог гласи: Точка 15 „ Усвојување на Предлог-Одлука за определување на учество на Втор и Трет Извршен директор во добивката на ПЕКАБЕСКО АД „ ПРЕДЛАГАМ и предлог одлука која гласи:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ОД АКЦИОНЕР СО НАД 5%**

Врз основа на член 365 став 3 од Законот за трговските друштва Собранието на ПЕКАБЕСКО АД на седницата одржана на 28.05.2025 година ја донесе следната

## ***ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА***
## ***За определување на учество на Втор и Трет извршен директор во добивката на ПЕКАБЕСКО АД***

### ***Член 1***

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** учество во добивката на Друштвото на Вториот и Третиот извршен директор и тоа:

1. 6.844.444,00 денари бруто износ како учество во добивка на Втор извршен директор.

2. 6.844.444,00 денари бруто износ како учество во добивка на Трет извршен директор.

### ***Член 2***

Исплатата на износите од Член 1 од оваа одлука, ќе им се исплатат на Вториот и Третиот Извршен директор од нераспределената добивка на Друштвото од 2008 година.

**_Член 3_**

*За реализација на оваа Одлука се задолжува правната и сметководствената служба*

**_Член 4_**

*Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето*

**_Претседавач на_**

**_Собрание на акционери_**

________________________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 365 став 3 од Законот за трговски друштва на Р.С.Македонија е утврдено дека Собранието на акционери може на извршните членови на Одборот на директори да им одобри учество во добивката на друштвото кое по правило се состои од исплата во пари, акции, тантиема,бонус или друг начин.
Согласно член 55 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, за работата на извршен член на Одбор на директори, Собранието може со одлука да му одобри учество во добивка.
Врз основа на претходно наведените одредби од законски прописи и Акти на Друштвото, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По однос на овој мој Предлог, барам од Одборот на Директори како органот на управување на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, да постапи согласно Законот за трговските друштва на Република Северна Македонија.

Со Почит,

АКЦИОНЕР СО НАД 5% АКЦИИ